потоа и на Врањскиот партизански одред.

Здобивајќи се со големо борбено и организационо искуство, Карпош се враќа во Македонија и заедно со своите другари, крстосувајќи го Козјак, неуморно работи врз формирање на нов партизански одред. Во август 1943 година формиран е Кумановскиот партизански одред, а за прв командант на Одредот е поставен Христијан Тодоровски — Карпош. Понатаму авторите во подробности ги опишуваат акциите на Одредот во Орах, Челопек, Драгоманце и на други места. Посебно место во книгата авторите и даваат на борбата што Одредот ја води против четниците кај Дренак.

На крајот од книгата опишана е херојската смрт на Карпош, кој загинува во месец февруари 1944 година при нападот на селото Биљача.

Ликот на Карпош најубаво се гледа од зборовите искажани при закопот на посмртните останки од страна на комесарот на Кумановскиот баталјон: „Сè што партијата вајаше и сакаше да изваја во своите ликови како постојани особини на нејзините борци, е содржано во тебе, драги Карпоше...“ (132)

Обидот на авторите популарно да го претстават животниот пат на Карпош заслужува пофалба, бидејќи преку него поцелосно се запознаваме со неговата личност и тоа не само како борец, револуционер и партизански командант туку и како човек од секојдневниот живот, со сите негови карактерни особини како и со неговите реакции на појавите и настаните околу себе.

**М. Ман.**

**Д-р Душко Х. Константинов, ДАМЕ ГРУЕВ (1871—1971). Битола 1971**

Во издание на Друштвото за проучување на Илинденското востание „2 август 1903“ во Битола, во неговата библиотека „Живописи на револуционери“, а во серијата Илинденска револуција под бр. 1 излезе од печат книгата на д-р Душко Х. Константинов под горниот наслов на 158 страници. Истата е илустрирана со 7 фотографии на Даме Груев, а на крајот се дадени 6 народни песни за Груева, како и цела една страница поважни искажувања и мисли на наши и странски автори за личноста и неговото дело.

По популарната брошура на Гане Тодоровски за ликот и делото на Даме Груев, излезена во колекцијата „Светлини во минатото“, Константинов ни дава нова и пообширна брошура за Даме Груев. Тргнувајќи од поставката дека „младите имаат секогаш потреба од светли идеали“, дека „секогаш сакаат да имаат пред своите очи револуционерни ликови кои ќе им служат за пример во однос на самопрегорноста, племенитоста, моралната чистота, родољубието, скромноста, творечката неуморност и доследност“, авторот наоѓа дека „личноста на Даме Груев може да ги задоволи тие нивни внатрешни потреби... заедно со ликовите на другите револуционери од Илинден и Народната револуција“. И навистина, со истакнувањето на горниве особености од активноста на Даме Груев,

водејќи ги од најраните години на Дамевиот живот низ сите негови перипетии во ученииштвото и студирањето, потоа учителствувањето и организирањето на македонскиот народ за крвавиот чин на Илинденската револуција сè до неговиот трагичен крај во село Русиново 1906 г. авторот успеал во лесно читлива форма да ни го предаде, тукуречи во сите детали, животниот пат и неговата богата активност, идеализирајќи го без потреба на некои места, ликот на Даме Груев.

Базирајќи ги своите излагања врз досега напишаното во нашата и странска литература за Груев и додавајќи ѝ некои нови податоци базирани на усни искажувања, Константинов на неколку места говори и за „бројни фалсификатори и клеветници што сакаат да фрлат вакви или онакви сенки врз неговиот лик со цел да ги намалат неговите огромни заслуги за македонскиот народ и Македонија". Со не споменувањето на ниедно такво име, нити побивањето на нивните тврдења, Константинов го остава читателот во прилична недоумица за кого и што се работи и залудно бара во крајот на книгата да го осветли ова прашање. Секако, тоа е една од слабостите на оваа книга.

Втора и во тесна врска со ова е забелешката: избегнувањето на авторот да зборува за извесни пропусти и грешки на Даме Груев, со што неговата личност е дадена еднострано. Нема личности во историјата, кои во текот на својата работа да не направиле пропусти. Таков е и Даме. За овие пропусти на Даме зборуваат не само Ѓорче Петров и други негови соборци и современици туку и самиот тој во своите спомени. На пример, по прашањето на неговата согласност за кревање прерано на Илинденското востание ја базира врз неговата неоправдана верба во Сарафовите и на други уверувања дека Бугарија ќе интервенира со оружје против Турција за да им помогне на востаниците, што се коси со основните статутарни принципи на Организацијата која ослободувањето на Македонија не го поврзувала со никаква помош од надвор.

На авторот му се промакнале и некои други поситни пропусти. При цитирањето на неколку места од Спомените на Даме Груев, особено на стр. 8 од книгата, Константинов си дозволил прилично слободно да го преведе и измени текстот на Дамевите зборови што не е вообичаена пракса при такви случаи. Неточно е дадена датата и ресорот на убиениот министер Белчев во Софија поради кое убиство Даме бил неоправдано обвинет и протеран од Софија (Белчев бил министер на финансиите, а не на просветата, а неговото убиство станало на 15. III. 1891 година, место во мај истата година). Не е сосем точно и тврдењето на Константинов дека по привременото забранување на сп. „Лоза" им било оневозможено натамошното студирање на „лозарите" во Софија, а особено не на Петре Поп Арсов, кој не само што ги продолжил туку и ги завршил своите студии во Софија.

При цитирањето на стр. 56 за фамилиите од Прилеп со кои Даме се поврзал при создавањето на месниот комитет, секако, прво место треба да заземат таткото и синот Гавазови, како и Ордан Поп Констадинов, а не Мирчевци и Попев-

ци. Исто така, при цитирањето на имињата на учесниците на Солунскиот конгрес од 1896 г., земени од Спомените на Ѓорче Петров, на два пати се споменува Иван Хаџи Николов, еднаш под ова име, друг пат под Николов, зад кои не се крие никој друг но само Иван Хаџи Николов.

Ваквите пропусти сепак не ја намалуваат вредноста на оваа популарно пишувана книга за Даме Груев и од гледна точка на нејзината педагошка намена и книги од ваков вид, таа претставува придонес кон нашата историографија.

**Љ. Л.**

**Славко Димевски, НИКОЛА КАРЕВ, „Мисла", Скопје, 1971, 258**

Малкумина творци на полето на белетристиката се обиделе да го доловат амбиентот на нашето недамнешно минато.

Меѓу нив неодамна се нареди и Славко Димевски. Неговата романсирана биографија на социјалистот Никола Карев претставува обид за транспонирање на историскиот лик на идеологот на Крушевската Република и неговото време на литературен план.

Целејќи да даде комплексна слика на ликот на Никола Карев врз база на скудните биографски податоци, авторот се обидел да навлезе и во интимната сфера на познатиот македонски социјалист.

Авторот ја проследува животната сторија на Никола Карев од раните детски години па сè до смртта кај с. Рајчани, Кочанско, 1905 година. Посебно се задржува на престојот на Никола Карев во Софија. Притоа, обрнува посебно внимание на изградувањето на Каревиот социјалистички мироглед под влијанието на Васил Главинов и социјалистичката литература. Меѓу другото, посебно внимание заслужува реконструкцијата на илинденските настани, престојот на Карев во Србија и неговата дејност во Софија.

Да се компонира книжевно дело на историска база е многу благородна, но и тешка работа.

Гледано од тој аспект, романсираната биографија на Никола Карев заслужува посебно внимание.

Немам намера да вршам вреднување на нејзините книжевни квалитети. Ќе се осврнам само на нејзината историска подлога.

Стремежот на авторот да се доближи до историската вистина е евидентен. Оттаму резултира и гарнирањето со историска документација.

Дотогаш дијалозите се најчесто плод на авторовата имагинација, што, сосем природно, се должи на авторската слобода.

Меѓутоа, присутно е и оддалечување од историските факти. Таков е случајот со Смилевскиот конгрес, времетраењето на Крушевската Република и сл.

Без оглед на сето тоа, романизираната биографија на Никола Карев ќе придонесе за популаризација на настаните од нашето историско минато сред поширокота средина. Во тоа се огледа нејзиното примарно значење.

**Д. Д.**